**Известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, Република Хрватска ќе стекне контрола над ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о., Чешка Република (предмет бр. 08-127/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.08.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска ќе стекне единствена контрола над ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о., со седиште на Воришкова 402/11, Кохоутовице, 623 00 Брно, Чешката Република, по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Предмет на работење на ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е трговија на големо.

ОРБИКО ДОО за трговија Загреб е присутно во Република Северна Македонија преку своето зависно друштво Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. „Борис Трајковски" бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со приоритетна дејност: 46.900 - неспецијализирана трговија на големо.

Предмет на работење на ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о. е трговија на големо и мало со професионални производи за чистење (индустриска и техничка хемија).

Со предложената трансакција, ОРБИКО ДОО за трговија Загреб се стекнува со директна контрола над ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о., а со тоа индиректна контрола и над неговите зависни друштва, и тоа:

**(1)** ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о., со седиште на Св. Штефана 5, Штурово, Словачка, предмет на работење – трговија на големо и мало со професионални производи за чистење (индустриска и техничка хемија); и

(**2**) ПРОФЕШНАЛ САПОРТ Друштво со ограничена одговорност, со седиште на ул. Арок бр. 3, 2500 Естергом, Унгарија, предмет на работење – трговија на големо и мало со професионални производи за чистење (индустриска и техничка хемија).

Освен овде наведените зависни друштва, ПРОФЕШНАЛ САПОРТ с.р.о**.** нема други зависни друштва, не е присутен во Република Северна Македонија и не остварува приходи во Република Северна Македонија, а неговите зависни друштва наведени погоре немаат други зависни друштва, не се присутни во Република Северна Македонија и не остваруваат приходи во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар за трговија на големо и мало со професионални производи за чистење (индустриска и техничка хемија) во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.09.2026 година
Скопје